Уп. Бр. 08-34/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.П.А., со седиште на Пиаца Дука дељи Абруци бр.2, Трст, Италија, преку полномошник Адвокати Дебарлиев Дамески и Келешоска од Скопје, на седницата одржана на ден **26.02.2024** година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.П.А., со седиште на Пиаца Дука дељи Абруци бр.2, Трст, Италија, има намера да стекне единствена контрола над Генерали Кина Иншуранс Компани Лимитед., со седиште на Твин Товерс-Вест Товер (9ти кат), Б-12 Јиангуоменваи Авенуе, Чаојанг Дистрикт, Пекинг, Народна Република Кина, по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 24.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна **АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.П.А.**, со седиште на Пиаца Дука дељи Абруци бр.2, Трст, Италија, со која **АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.П.А.,** има намера да стекне единствена контрола над **Генерали Кина Иншуранс Компани Лимитед**., со седиште на Твин Товерс-Вест Товер (9ти кат), Б-12 Јиангуоменваи

Авенуе, Чаојанг Дистрикт, Пекинг, Народна Република Кина, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Ассикурациони Генерали**, е компанија основана и регистрирана во Република Италија, со седиште на Пиаца Дука дељи Абруци бр.2, Трст, Италија, која е глобален учесник во секторот за осигурување и управување со средства.
Ассикурациони Генерали е мајка- компанија на групацијата Генерали, еден од главните глобални играчи во секторот за осигурување и управување со средства („**Генерали Групација**“ ).

Во Северна Македонија, Генерали Групацијата има корпоративно присуство преку своето зависно друштво, Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје[1]**,** со седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, Скопје - Центар, Северна Македонија, со дејност на управување со фондови.

**Генерали Кина Иншуранс Компани Лимитед.** е компанија основана и регистрирана според законите на Кина, во Пекинг, во април 2007 година, одобрена од Кинеската регулаторна комисија за осигурување (претходник на Националната финансиска регулаторна администрација), со регистрирано седиште на адреса Твин Товерс-Вест Товер (9ти кат), Б-12 Јиангуоменваи Авенуе, Чаојанг Дистрикт, Пекинг, Народна Република Кина .

Генерали Кина Иншуранс Компани Лимитед е компанија активна на осигурителниот пазар во Кина и моментално работи преку седум подружници основани на територијата на Кина. Претставува национално заедничко вложување - П&Ц (*P&C*) осигурителна компанија, основана од ЦНПЦ Капитал Компани Лимитед (*CNPC Capital Company Limited*) и Ассикурациони Генерали С.п.А.

Во Северна Македонија, Целното друштво нема корпоративно присуство, ниту врши активности и/или остварило промет во годината што и претходи на Трансакцијата.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

---

[1] Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 21.12.2023 година со решение бр.08-169 ја одобри концентрацијата со која НЛБ Склади, управување со средства, д.о.о. , Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне самостојна контрола директно над Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, 1000 Скопје, Северна Македонија.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**